ГРАДЕЊЕ НА УСЛУГИ ЗАСНОВАНИ НА ЗАЕДНИЦАТА
ЗА ПОДДРШКА НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И
РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОРАНЕШНО ОСУДЕНИ ЛИЦА

# ВОДИЧ

## за даватели на постпенална помош

на претходно осудени лица
и лица под пробациски
надзор



Македонско здружение на млади правници

2024

МЗМП

Хелсиншки комитет за човекови права

Македонско пенолошко друштво

избор

ЕУ за тебе

Овој проект е финансиран од Европската Унија

**ВОДИЧ** за даватели на постпенална помош на претходно осудени лица и лица под пробациски надзор
Скопје 2024
**Издава:** Македонско здружение на млади правници
**Изработиле:** проф. д-р.Весна Стефановска, д-р. Оља Ристова, проф. д-р.Олга Кошевалиска и Лена Христовска
**Уредник:** Душица Нофитоска

Водичот е изработен како дел од проектот „*Воспоставување услуги во аедницата за поддршка на ресоцијализацијата и реинтеграцијата на поранешно осудени лица* „ финансиран од Европската унија

Ставовите во водичот не ги изразуваат ставовите на Европската унија

# ВОДИЧ
# за даватели на постпенална помош на претходно осудени лица и лица под пробациски надзор

септември 2024

„Карактерот на една земја, силата на демокаратијата, се мери со тоа како ги третираме оние кои се најранливи, вклучително и оние кои направиле грешки и платиле цената„
-Барак Обама-

## Кој ќе го користи водичот?

Овој Водич е наменет за давателите на постпенална помош на претходно осудени лица и лица под пробациски надзор при преземање на мерки и активности кои се однесуваат на претходно осудените лица или се во врска со нив.

Водичот може да го користат:

- Претставници од службата за ресоцијализација при КПУ
- Стручни работници во Центрите за социјална работа
- Пробациски службеници при месно надлежни пробациски канцеларии
- Претставници на здравствени и образовни јавни служби како носители на одредени мерки и активности кои се дел од постпеналната заштита
- Лиценцирани даватели на социјални услуги на поранешно осудени лица и лица под пробациски надзор
- Други носители од јавниот, граѓанскиот и бизнис секторот кои можат да бидат дел од системот на постпенална помош и заштита

## Како може да се користи водичот?

- Како краток Водич во примена на стандардите и процедурите за пружање и обезбедување на постпенална помош и заштита од страна на Давателите на услуги.
- Како Водич за развивање на подобра практика и стандарди во однос на поранешно осудени лица и лица под пробациски надзор.
- Како Водич за проширување на знаењата, разбирањето и вештините на давателите на услуги во однос на постпеналната заштита.
- Како Водич за иновативни услуги кои можат да им се пружат на отпуштените осудени лица, зависно од предизвиците со кои се соочуваат (на пример вработување и стручно оспособување, третман за одвикнување од зависности и поддршка зза менталното здравје, реинтеграција во семејството, правна помош и домување, ангажирање на заедницата во поддршката за реинтеграција и сл).

## Кои се целите на водичот?

Целта на Водичот е да им помогне на давателите на услуги да преземат соодветни законски мерки за обезбедување постпенална помош и заштита на поранешно осудени лица и лица под пробациски надзор.

**Посебни цели се:**

- Дополнително знаење за значењето, услугите и остварувањето на постпеналната заштита како дел од процесите на ресоцијализација и (ре)интеграција на осудените лица;
- Градење на заеднички пристап и разбирање на постпеналната заштита и третман;
- Зајакнување на вештините и способностите на давателите на услуги во пружањето постпенална помош и заштита;
- Подобрување на соработката со другите чинители во системот на постпенална заштита;
- Промоција на иновативни социјални услуги и на постапки за рехабилитација и реинтеграција;
- Изградба на мрежи и партнерства со другите чинители во системот на постпенална помош;

## Содржина


- Што претставува осуденичката популација?
- Што претставува постпенална помош?
- Кои се цели на постпеналнатата помош и заштита?
- Што е неопходно за успешна реинтеграција?
- Со какви потреби можат да се соочат осудените лица по излегување од КПУ?
- Кои субјекти се вклучени во постпенална помош?
- Што претставуваат процесни аспекти во пружање постпенална помош?
- Што претстауваат материјални аспекти во пружање постпенална помош?
- Кои се основните пенолошки начела во третманот со осудените лица и лицата под пробациски надзор?
- Каков треба да биде односот меѓу давателите на услуги и лицата кои излегуваат од КПУ или се на условен отпуст?
- Кои се придобивките од вклучување на заедницата во постпеналната помош?
- Кои се потребните чекори за создавање партнерства, односно мултисекторски пристап во рамките на постпеналната помош?
- Кои иновативни услуги може да им се понудат на претходно осудените лица за олеснување на вработувањето?
- Кои иновативни услуги може да им се понудат на претходно осудените лица за обезбедување помош и поддршка при проблеми со зависности и со ментално здравје?
- Кои иновативни услуги може да им се понудат на претходно осудените лица за полесна и успешна реинтеграција со семејството?
- Кои иновативни услуги може да им се понудат на претходно осудените лица за обезбедување на правна помош и помош при домување?
- Кои иновативни услуги може да им се понудат на претходно осудените лица од страна на заедницата?

## 1. Што претставува осуденичка популација?

Поимот **осуденичка популација** се користи како генерален поим за лицата кои се сместени во казнено поправни установи заради издржување на казна. Оваа популација ја сочинуваат лица кои се лишени од слобода заради издржување на казна затвор поради сторено кривично дело. Популацијата на затворениците е сложена и хетерогена група, која опфаќа луѓе со различни карактери, различни мотиви заради кои се впуштиле во криминално поведение и сл. Единствената заедничка карактеристика им е што сите се таму за да се ресоцијализираат. Разбирањето на оваа популација е од суштинско значење за креаторите на политиките, за управата и вработените во КПУ но и за општеството како целина, бидејќи оваа популација има значителни импликации за јавната безбедност, за реформите во кривичната правда, а особено за програмите за ефикасно управување со пенитенцијарните системи.

Осуденичката популација е ранлива категорија од повеќе аспекти. Осудените лица може да имаат историја на социјална изолација и маргинализација, физичка или емоционална злоупотреба, непостојана вработеност или невработеност и вмешаност во криминален начин на живот кој започнал на рана возраст.

Голем дел од осудените лица се со слаби интерперсонални вештини, ниско ниво на формално образование, неписменост, лошо когнитивно или емоционално функционирање, слаба или никаква вештина за управување со своите финансии. Исто така, постојат неколку практични предизвици со кои мора да се соочат осудените лица во моментот на нивното ослободување, како на пример наоѓање на соодветно сместување со многу ограничени средства, финансиско менаџирање со мали или без заштеди и потреба од пристап до низа секојдневни потреби кои немаат средства да си ги дозволат.

Условно ослободување и достапноста на услугите за реинтеграција, како што се помош за вработување, поддршка за домување и советување, може да влијаат врз способноста на осуденикот да се врати назад во заедницата и да го намалат ризикот од повторување.

## 2. Што претставува постпеналната помош?

**Постпеналната помош** е неопходна за лицата кои излегуваат од казнените установи. Таа е важна алка бидејќи, покрај гонењето, откривањето, пресудување и издржувањето на казната, постпеналната помош е последна фаза во борбата против криминалот и како дел од целиот процес на ресоцијализација настојува успешно да го интегрира осуденото лице во заедницата.

Во Законот за извршување на санкциите (ЗИС), постпеналната помош се именува како „**Помош на осудените лица по отпуштање од установата**“. Во членот 259 е дефинирано дека таа претставува збир на мерки и активности што се применуваат заради вклучување на осудените лица во животот на слобода и се состои во:

1. Обезбедување сместување и исхрана,
2. Обезбедување лекување,
3. Совети за изборот на живеалиштето, односно престојувалиштето,
4. Усогласување на семејните односи,
5. Пронаоѓање вработување,
6. Довршување на стручното оспособување,
7. Давање парична помош за покривање на најнеопходните потреби, како и други облици на помош и поддршка.

Во дополнение, во Законот за социјална заштита (2019) е регулирано дека **услугата за ресоцијализација, како и куќа на пола пат** се наменети за возрасни лица по издржување на казната затвор (член 82).

## 3. Кои се целите на постпеналната помош и заштита?

Дефинираните услуги, како дел од постпеналната помош се слични на тие што се предвидени во ЗИС:

1. Обезбедување советодавна работа,
2. Индивидуална, семејна и групна терапија,
3. Образовна поддршка,
4. Придружба,
5. Едукации за развој на вештини, спорт, рекреација, творештво,
6. Поддршка за стекнување работни вештини и вештини за вработување и
7. Други услуги на ресоцијализација, во зависност од потребите на корисниците

Осудени лица кои немаат свој дом или услови за живот во својот дом или биле под институционална грижа можат да бидат сместени во „куќи на половина пат" заради полесна реинтеграција во општеството. Во куќите треба да се обезбеди помош, поддршка и подготовка за самостојно живеење. Сите претходно наведени услуги се обезбедуваат од страна на Центарот за ресоцијализација..

Постпеналната помош, како дел од процесот на ресоцијализација треба да ги опфати потребите поврзани со животот на слобода, но и потребите кои се наметнуваат како последица од институционалниот живот поминат во затвор.

| Реинтегративни цели | Намалување на рецидивизмот |
|---|---|
| • Реинтеграција на осуденото лице<br>• Олеснување на процесот на транзиција во живот на слобода<br>• Охрабрување одговорност<br>• Охрабрување независно живеење | • Зголемување на почитување на законите<br>• Рехабилитација<br>• Намалување на штетата |
| **Благосостојба** | **Личен развој** |
| • Обезбедување домување<br>• Обезбедување вработување<br>• Обезбедување работни квалификации<br>• Помош во обезбедување економска независност<br>• Обезбедување креативно користење на слободното време | • Подобрување на когнитивните вештини и вештини за справување<br>• Подобрување на основните социјални вештини и вештини за стручно оспособување<br>• Подобрување на личната благосостојба<br>• Помош во реализирање на личниот потенцијал<br>• Подобрување на личните односи<br>• Обезбедување лична поддршка<br>• Градење на социјални мрежи |
| **Придобивки за заедницата и за системот** | |
| • Обезбедување поддршка од заедницата<br>• Градење меѓусекторско партнерство<br>• Подобрување на безбедноста во заедницата. | |

## 4.Што е неопходно за успешна реинтеграција?

За успешна реинтеграција на претходно осудените лица во заедницата е потребно:

- Програмите да ги одразуваат приоритетите за јавна безбедност на заедницата во која се наоѓаат отпуштените осудени лица
- Заедницата да биде вклучена и во планирање и во спроведување на мерките за успешна реинтеграција
- При изработка на програмите да се стави фокус на одредена целна група на отпуштените осудени лица и нивните специфични предизвици
- Програмите да бидат родово чувствителни
- Да се направи проценка на потребите и факторите на ризик на отпуштените осудени лица
- Да се научат отпуштените осудени лица да се носат со тежината на одлуката која ја донеле.

Креирање на т.н. центри за реинтеграција во заедницата може да биде исто така решение на дел од проблемот. Воспоставувањето центри за реинтеграција во заедницата кои служат како едношалтерски ресурси за отпуштените осудени лица може да помогне да се насочи пристапот до услугите и поддршката што им е потребна. Бирократските лавиринти не се лесни за отпуштените осудени лица.

Во однос на **обезбедувањето на поддршка по отпуст**, спектарот на активности, програми и интервенции треба да им биде достапен на отпуштените осудени лица од КПУ, а особено во првите неколку месеци. Тие можат да бидат:

- Здравствена заштита и социјална заштита (определување на облик согласно потреби-лични, семејни, на локалната заедница или комбинирани);
- Продолжување на која било психосоцијална програма и/или интервенции кои веќе биле преземени во затворот - насочени кон конкретни прашања (зависности, насилство, проблематично сексуално однесување итн.);
- Групи за самопомош (особено за затвореници со зависности);
- Образование за возрасни;
- Поддршка за вработување (квалификација за прва стручна подготовка, курсеви за странски јазици, стручно оспособување, обука за животни вештини, обука за социјални вештини, преквалификација);
- Користење на актуелни активни мерки за вработување во Агенција за вработување како ранлива група лица (на пр. обука за подготовка на CV и/или за интервју, обука за вештини за барање на работа, субвенционирање на плати за самовработување со отворање на бизнис – барани занимања како на пр.виљушкари, молери, зидари, негуватели на болни лица и сл. мерки);
- Програми за зајакнување на мотивацијата и вештините за работа;
- Сеопфатни програми за повторно адаптирање во заедницата, прифатилишта и др.;
- Менторски програми;
- Советување за отпуштените осудени лица и нивните семејства (семејни и партнерски односи, родителство);
- Обезбедување или помагање во организација на слободно време;

## 5. Со какви потреби можат да се соочат осудените лица по излегување од казнено-поправната установа?

### (а) Социјални потреби

Бидејќи значаен дел од поранешно осудените лица се наоѓаат во состојба на социјален ризик и социјално исклучување, тие треба да станат корисници на права и услуги од социјалната заштита. Треба да се подобрат односите и комуникациите со семејството, кои

понекогаш не се подготвени да ги прифатат во домот по излегувањето од КПУ. Покрај тоа, осудените лица треба да се охрабрат да стекнат соодветни стручни и работни квалификации со кои би можеле да најдат работа, вештини за полесно воспоставување социјални односи/релации и за проширување на мрежата на социјална поддршка, како и вештини за секојдневно живеење, кои пропуштиле да ги научат низ развојните фази од животот.

*Развој на социјална мрежа (поддршка)*

Голем број осудени лица не контактираат со своето семејство, не се вработени, немаат свој дом и живеат социјално изолиран живот. За нив е пожелно да се создаде т.н. микрозаедница на грижа (community of care) преку организирање групни дискусии и третмани со цел да воспостават социјални односи со други лица од општеството/заедницата. Во таа смисла, општествените извори и капацитети (одредени јавни служби или граѓански организации) треба да бидат на располагање, но уште повеќе, заедницата треба да обезбеди јавна поддршка и активно вклучување во процесите на социјализација и реинтеграција.

**Можности за подобрување на социјалните потреби**

- Поддршка во вклучување во одредени општествени групи и друштвени активности;
- Поддршка за вклучување во програми за ресоцијализација и рехабилитација;
- Поддршка за вклучување во програми за подобрување на социјални вештини за: комуникација, мирно решавање конфликти, соочување и решавање на предизвици, подобрување на однесувањето, родителски вештини и слично;
- Поддршка за вклучување во програми за помирување со семејството и со (евентуалната) жртва.

### (б) Потреби за психосоцијална и здравствена поддршка

Грижата за физичкото и менталното здравје треба да биде приоритет на здравствените и социјалните служби, бидејќи осудените лица имаат често нарушена здравствена состојба. Тие страдаат од ментални и здравствени проблеми поврзани со доживеани злоупотреби, трауматични настани и ревиктимизации во детството и во нивниот живот. Голем дел имаат проблеми со: зависност, спиење, анксиозност, депресија и слично. Поради тоа, осудените лица имаат слаби капацитети да развијаат конструктивни и квалитетни односи со семејството, пријателите или заедница, како и зрело да се справат со разни општествени барања. Исто така, треба да се има предвид дека престојот во затворот може дополнително да го наруши нивното ментално здравје, а одредени лица во затворот примаат и медицински терапии за намалување на анксиозноста или за лечење на депресивни состојби. Треба да се има предвид и фактот, што значаен процент имаат проблеми на зависност, кои за време на престојот стануваат корисници на метадонска терапија. Оттука, продолжување на лечењето на зависностите и на другите здавствени проблеми (на менталното и на физичкото здравје) по отпустот треба да биде императив. За таа цел пристапот до здравствените служби и до медицинска терапија треба да биде лесен, достапен и непречен независно од нивното здравствено осигурување.

**Можности за подобрување на психосоцијалните и здравствените потреби**

- Користење на услуги на здравствена заштита според позитивното законодавство.
- Поддршка за вклучување во програми за рехабилитација на лица со проблеми на зависност.
- Поддршка за вклучување во програми за подобрување на нивното ментално здравје и за подобрување на когнитивните способности

## (в) Финансиски потреби и потреби за работа

Значаен дел од осудените лица се соочуваат со финансиски проблеми по излегување од затворот. Тоа е често предизвикано од невработеноста или непостојаност на работните места. Факт е дека вработувањето е клучно за успешна реинтеграција на поранешно осудените лица, а покрај паричен надомест, обезбедува социјален живот, го исполнува слободното време, ги проширува контактите со луѓето, дава шанси за нов почеток и рамноправен статус во општеството. Во овој дел, осудените лица се соочуваат со низа бариери и ограничувања за успешно барање и наоѓање работа:

- ниски образовни и работни квалификации
- немање искуство во барање работа
- недоверба од страна на работодавачите
- ограничен пазар на работни места
- ограничени когнитивни и физички капацитети

### Можности за подобрување на финансиските потреби и потреби за работа

- Поддршка за вклучување во програми за стручно оспособување според капацитетите и афинитетите на осудените лица
- Поддршка за вклучување во обуки за стекнување работни вештини и вештини за вработливост
- Поддршка за вклучување во општокорисна работа во заедницата
- Намалување на данок на добивка или субвенционирање на фирми за вклучување поранешно осудени лица на одредени работни места
- Вклучување на поранешно осудени лица како лица во ризик во социјални претпријатија
- Идентификување на претпријатија со потреба од работна сила кои не бараат посебни стручни вештини и квалификации
- Користење на социјална парична помош, односно социјална пензија
- Помош и поддршка во прибирање на потребната документација за стекнување одредени права и услуги во јавниот, граѓанскиот и приватниот сектор

## г) Потреби за домување и прибежиште

На бездомните лица треба да им се обезбеди адекватно домување или прибежиште, сместување под кирија, здружено или индивидуално социјално домување, наем или прибежиште во итни потреби.

### Можности за подобрување на потребите за домување и прибежиште

- Во недостиг на „куќи на половина пат“, сместување во Центарот за привремен престој за бездомни лица- Чичино село
- Користење на социјалната услуга привремен престој на стари лица над 65 години
- Можност да користи привремено прибежиште во прифатниот Пункт за бедомни лица Момин Поток на Црвениот Крст на град Скопје
- Можност да користи привремен престој во шелтер центри за жртви на семејно насилство
- Можност да оствари право за добивање социјален стан за ранливи категории граѓани
- Можност да оствари право на додаток за домување

## 6. Кои субјекти се вкучени во постпеналната помош?

**Казнено-поправните установи (КПД и Затворите)**

Секторот за ресоцијализација во рамките на КПУ, врз основа на согледаните потреби и степен на ресоцијализација, може да ги дефинира конкретните облици на помош и

поддршка кои му се потребни на осуденото лице. Имено, како што е наведено и во самиот закон, „пред отпуштањето на осуденото лице на кое му е потребна помош по излегувањето на слобода, установата, **пет дена пред отпуштање на осуденото лице** од установата го известува центарот за социјални работи според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице за денот кога треба да биде отпуштено и ќе го наведе видот на помошта, што особено му е потребна заради негово успешно вклучување во живот на слобода„ *(член 259/2 од ЗИС, 2019)*.

**Центрите за социјална работа**

Социјалните служби се неизбежен, иманентен и недделив дел од процесот на ресоцијализација за голем број осудени лица. Таа нивна улога е посебно значајна по излегувањето од затворот бидејќи, осуденото лице може да се соочи со социјална изолација, односно да има проблем да воспостави конструктивни односи со факторите на социјализацијата, како што се семејството, пријателите, заедницата. Значи, социјалните служби функционираат и постојат за пружање соодветна социјална заштита, помош и поддршка и на осудените лица, како лица во социјален ризик. **Центрите за ресоцијализација** се надлежни за пружање соодветни социјални услуги на поранешно осудени лица кои се наведени во Законот за социјална заштита. Наспроти услугата за ресоцијализација, лицата по излегување од казнената установа, во зависност од направената проценка и потреба, можат да станат корисници на било кое право или услуга предвидено со закон.

**Пробациски служби**

Месно надлежната пробациска канцеларија е надлежна да обезбеди **мерки на заштитен надзор** на осудени лица кои се отпуштени од КПУ, врз основа на правосилно решение за условен отпуст донесено од страна на надлежниот суд. При извршувањето на обврските утврдени со решението за условен отпуст, месно надлежната пробациска канцеларија:

- го повикува осуденото лице на разговор,
- врши увид во документацијата за осудено лице (судска одлука, наоди и мислења од лекар и други стручни лица, извештаи од Центарот за социјална работа и други) и прибира други потребни податоци за осуденото лице од други органи, институции и организации,
- на барање на судот, го предупредува условно отпуштеното лице за последиците од неисполнување на утврдените обврски,
- врши надзор над извршувањето на обврските и му пружа помош на осуденото лице,
- составува извештаи за извршувањето на обврските и ги доставува до судот кој ја донел одлуката во прв степен и
- врши други работи во согласност со закон.

Установите и други правни лица во кои осуденото лице извршува обврски утврдени со решението за условен отпуст, на барање на месно надлежната пробациска канцеларија, до канцеларијата се должни да доставуват известување за извршувањето на обврските од страна на осуденото лице.

Месно надлежната канцеларија на судот кој ја донел одлуката за условен отпуст може да:

- предложи измени на обврските утврдени со решението за условен отпуст,
- укинување на обврските,

- продолжување или намалување на рокот за извршување на изречените обврски или да предложи нови обврски кои со решението за условен отпуст не биле утврдени.

Доколку осуденото лице не ги исполнува или неуредно ги исполнува обврските кои му се определени, пробациската служба го опоменува и го известува судот. Доколку условно осуденото лице и по писмената опомена не ги исполнува изречените обврски и не учествува во спроведувањето на индивидуалната програма која му е определена, месно надлежната пробациска канцеларија го известува судот кој ја донел одлуката во прв степен и дава предлог да го отповика условниот отпуст.

**Јавни служби** (здравствени, образовни, социјални служби, служби за одржување на зелени површини, комунални служби).

Улогата на јавните служби во пружање постпенална помош може да се оствари преку:
- продолжување на здравствената заштита и обезбедување здравствено осигурување на осудени лица по излегување од затвор,
- описменување на осудени лица со ниски образовни квалификации,
- вклучување во образование за возрасни,
- продолжување на стручно оспособување и вклучување во курсеви во рамките на Граѓанскиот Универзитет за доживотно учење „Кочо Рацин„
- вклучување во општокорисна работа (паркови и зеленило, комунални дејности кои не бараат посебни стручни квалификации),
- помош во обезбедување потребна документација за добивање одредени услуги,
- вклучување во системот на социјална заштита на локално ниво,
- обезбедување привремен престој на лица без соодветно живеалиште.

**Граѓанско општество** (граѓански здруженија, синдикални организации, верски организации, Црвен Крст)

Улогата на граѓанското општество во пружање постпенална помош може да се оствари преку:
- вклучување во програми за рехабилитација на лица со проблеми на зависност,
- вклучување во програми за обуки за социјални вештини и вештини за вработливост,
- обезбедување на услуги за привремен престој,
- вклучување во програми за стручно оспособување,
- обезбедување и вклучување во разни групи за поддршка и/или самопомош
- обезбедување храна и облека на најранливи категории осудени лица.

**Бизнис сектор** (компании и фирми)

Улогата на бизнис секторот во пружање постпенална помош може да се оствари преку:
- привремено или постојано работно ангажирање,
- помош при стручно оспособување за вршење одредени работни задачи,
- финансиска поддршка на проекти/програми за реинтеграција на поранешно осудени лица,
- донации и материјална поддршка.

## 7.Што претставуваат процесни аспекти во обебедување постепнална помош?

Процесни аспекти претставуваат правила, процедури, обрасци и слични процедурални аспекти поврзани со начинот на водење на еден случај/корисник на мерки

и активности кои се дел од постпеналната помош. По обраќање на конкретно осудено лице во социјалните служби, основни чекори кои треба да се преземат се:

- проценка, подготовка и планирање на активности и услуги како дел од постпеналната помош (оцена на ризиците, потребите и потенцијали)
- преземање на конкретни мерки и активности за остварување на идентификуваните потреби
- следење и обезбедување долгорочна поддршка

## 8.Што претставуваат материјалните аспекти во обебедување постепнална помош?

Покрај дефинираната услуга на ресоцијализација, осуденото лице може да користи и други услуги и права од социјалната заштита (https://www.mtsp.gov.mk/uslugi-i-prava.nspx). Во проценката и во идентификувањето на потребата, службата за ресоцијализација може да предложи низа можности од зависност од индивидуалните потреби.

| Социјални услуги од социјалната заштита се: | Права на парична помош се: |
|---|---|
| • Услуги на информирање и упатување<br>• Услуги на стручна помош и поддршка<br>• Услуги на советување<br>• Услуги во домот<br>• Услуги во заедницата и<br>• Услуги за вон-семејна заштита | • Гарантирана минимална помош<br>• Надоместок заради попреченост<br>• Додаток за домување<br>• Траен надоместок<br>• Еднократна парична помош<br>• Право на здравствена заштита |

## 9.Кои се основни пенолошки начела во третманот со осудени лица и лица под пробациски надзор?

- ✓ **Принцип на хуманост.** Тоа би значело хуман однос без понижување, нечовечко однесување и омаловажување, како и неосудувачки став поради минатото. Во тој контекст довербата, неусловеното прифаќање и отсуството на осуда се основни компоненти во пружањето помош на оваа категорија лица.
- ✓ **Принцип на индивидуализација** што значи, индивидуален пристап и запознавање со неговите индивидуални потреби со посебен фокус на охрабрување и помош осуденото лице да стане независно за да може самостојно да живее на слобода.
- ✓ **Принцип на недискриминација.** Да нема предрасуди базирани на етничко потекло, социјално потекло, ментални болести и други предрасуди според видот на кривичното дело.
- ✓ **Принцип базиран на лични способности**, што значи верба дека секое лице има сопствени капацитети и сили кои треба да се идентификуваат и поттикнат.

## 10.Каков треба да биде односот меѓу давателите на услуги и лицата кои излегуваат од КПУ или се на условен отпуст?

Основата на односот меѓу давателите на услуги и лицата кои излегуваат од КПУ или се на условен отпуст треба да се заснова на вербата дека:

- Секое лице заслужува почит и постапување на достоинствен начин
- Секое лице заслужува да се третира еднакво
- Секое лице има потенцијал да се промени
- Промената се случува кога осудените лица се чувствуваат охрабрено

Поради тоа, меѓусебниот однос треба да се заснова на:

- Взаемна доверба и меѓусебно почитување
- Верба во успешна реинтеграција
- Неосудување и верба во позитивни промени
- Охрабрување и самодоверба

## 11.Кои се придобивките од вклучување на заедницата во постпеналната помош?

**Придобивки за осуденото лице:**

- ***Активна поддршка од заедницата и чувство на прифаќање***. Активната поддршка од заедницата предизвикува чувство дека осуденото лице не е само и дека има организации и лица кои сакаат да му помогнат за да се почувствува како корисен граѓанин и дека не ги изгубил сите врски со заедницата.
- ***Мотивираност и одговорност за активно учество*** во надминување на предизвиците и ризиците со кои се соочува по излегувањето на слобода. Понудената помош и поддршка од заедницата го охрабрува осуденото лице да ја прифати одговорноста и активно да учествува во третманските и други активности кои се нудат. На тој начин се зголемува неговата самодоверба.
- С***оцијално вклучување и градење социјална мрежа***. Учеството на осуденото лице во одредени активности во заедницата овозможува активна комуникација, градење социјални односи со други лица, односно социјална мрежа на пријатели кои долгорочно можат да пружат помош и поддршка.
- ***Намалување на стигматизацијата и секундарната девијација.***

**Придобивки за заедницата:**

- ***Зголемување на безбедноста и намалување на рецидивизмот.*** Прифаќањето на осуденото лице во заедницата и неговото активно учество во социјалниот живот и во други третмански активности ги намалува ризик факторите кои можат да доведат до повторно извршување кривични дела. Прифаќањето како корисен член, наместо како ризик за безбедноста го намалува чувството на страв кај граѓаните и ја зголемува безбедноста во самата заедница.
- ***Заедничка и споделена одговорност.*** Полицијата и системите за извршување на кривичните санкции не можат сами да се справат со потребите и предизвиците со кои се соочуваат осудените лица и затоа се развива принципот на заедничка и споделена одговорност. Заедницата има одговорност да обезбеди сигурност на своите граѓани, заштита на жртвата од секундарна виктимизација, заштита на сторителот од одмазда, како и да создаде соодветни услови за нивна реинтеграција.
- ***Развој на хумана димензија на граѓаните.*** Активното учество на граѓаните во постпеналната помош ја развива нивната социјална и хумана димензија и го намалува нивниот стигматизирачки и осудувачки став спрема осудените лица. Се зголемува вербата во процесот на ресоцијализација и во можноста осуденото лице по излегување од затвор да направи значајни промени во неговиот живот.

## 12.Кои чекори се потребни за создадавање партнерства, односно мултисекторски пристап во рамките на постпеналата помош?

Програмите за постпенална помош треба да се засноваат на партнерски однос меѓу повеќе организации и да имаат колективн и проактивен пристап. Развојот на партнерствата е резултат на тезата дека постпеналната помош зависи не само од активностите на јавниот, туку и на граѓанскиот сектор. Партнерствата имаат поголемо разбирање на локалните проблеми и значат потврда дека, како што причините се мултифакторски, така и одговорот е мултисекторски и бара зголемена и проширена одговорност.

За развивање и создавање партнерства, односно мултисекторски пристап во рамките на постпеналната помош се јавуваат следниве предизвици:

- Идентификување на релевантни институции од јавниот, граѓанскиот и бизнис секторот во заедниците и нивно евидентирање,
- Запознавање за значењето на постпеналната помош и нивно поттикнување и сензибилизирање да бидат дел од мултусекторскиот пристап во обезбедување постпенална помош,
- Споделување релевантни информации за осудените лица, за нивните потреби и можности за обезбедување помош и поддршка,
- Развој на протоколи за соработка и за меѓусебна комуникација,
- Идентификување на соодветни мерки насочени спрема осудени лица и нивно спроведување,
- Следење на преземени мерки и евалуација на нивната успешност.

## 13.Кои иновативни услуги може да им се понудат на претходно осудените лица за олеснување на вработувањето?

Вработувањето на претходно осудените лица им овозможува да станат економски независни, ја намалува нивната зависност од социјална помош, поттикнува чувство на припадност, самостојност, одговорност и придонес во заедницата. Со вработувањето им се помага на поединците да ги обноват социјалните врски и да воспостават начин на живот во кој ги почитуваат законските норми.

Заради поголема веројатност за вработување е потребно да се развијат програми за подготвување за работа и за градење вештини, квалификации, доквалификации и преквалификации за занаети и работни ангажмани кои се потребни во потесната заедница. Во програмите за подготовка за работа треба секогаш да се направи и проценка за решавање на можните бариери при аплицирање за работа. Овие бариери може да вклучуваат недостаток на образование, ограничено работно искуство и дискриминација поради осудуваноста.

Одредени иновативни услуги што можат да им се понудат на осудените лица се:

- Поддршка за вработување (квалификација за прва стручна подготовка, основно образование, курсеви за странски јазици, стручно оспособување, обука за животни вештини, обука за социјални вештини);
- Информации и обука за самовработување, сеопфатни програми за повторно вклопување во заедницата, прифатилишта и други;
- Програми за зајакнување на мотивацијата и вештините за работа;
- Менторски програми;
- Квалификации, доквалификации и преквалификации за занаети и работни ангажмани кои се потребни во потесната заедница;

- Вклучување во општествено корисни работни ангажмани;
- Спроведување работилници за комуникациски вештини;
- Промовирање на опциите за работа на далечина за претходно осудени лица, користејќи технологија за надминување на бариерите поврзани со транспортот, локацијата и распоредот;
- Бесплатни онлајн обуки кои на многу лесен и непосреден начин можат да им бидат од особена полза на претходно осудените лица да стекнат меки вештини,
- Обука за различни занаети од градежништвото, земјоделство и сточарство, конфенционерство, пожарникарство, па се до информатичка технологија;
- Застапување на политките за вработување „втора шанса" кои ги потикнуваат работодавцните да вработуваат лица со криминално досие.

Поттикнувањето на претходно осудените лица да се вклучат во општествено корисни работни ангажмани и содржини или волонтирање може да поттикне чувство на одговорност и поврзаност со заедницата. Преземањето на волонтерски работи може да покаже чувство на одговорност и каење за стореното во заедницата, може да биде и форма на реституција, која ќе резултира со прифаќање на осуденото лица од заедницата и враќање на неговиот статус пред да го стори кривично дело.

## 14. Кои иновативни услуги може да им се понудат на претходно осудените лица за обезбедување помош и поддршка при проблеми со зависности и со ментално здравје?

Злоупотребата на супстанци и програмите за третман на ментално здравје може да направат значителна разлика во животот на претходно осудените лица, а особено ако зависноста од супстанци е причината поради која се впуштиле во деликвентно поведение. Значаен дел од претходно осудените лица започнале со издржувањето на казната без да имаат проблем на зависност. Но, во новите услови, за кои колку и да се подготвени, не се и помирени со истите, па полесниот пат за навика и бегство од реалниот свет им е токму преку злоупотреба на супстанци. Проблемите со менталното здравје е состојба која се јавува кај најголем процент од затворската популација. Затоа е потребно:

- Продолжување на психосоцијални програми и/или интервенции кои биле применети, односно преземени во затворот, а кои се насочени кон конкретни прашања (зависности, насилство, проблематично сексуално однесување итн.);
- Формирање групи за самопомош (особено за осудени лица кои имаат проблем на зависност);
- Обезбедување на пристап до услуги за третман (за одвикнување од зависности, како и за третман на ментално здравје, вклучително и амбулантско советување, стационарно лекување и терапија со помош на лекови, доколку е потребно);
- Индивидуалното и групното советување;
- Стратегии за справување, емоционална поддршка и вештини потребни за справување со злоупотребата на супстанции и предизвиците со менталното здравје;
- Програми за третман со двојна дијагноза/ дуални програми;
- Групи за поддршка од врсници, предводени од поединци во закрепнување;

- „Телездравство“ и дигитална терапија (бесплатни онлајн сесии од групи за поддршка);
- Програми за уметничка терапија и експресивна уметност;
- Следење на позитивните примери од терапијата во НВО Покров Струмица.

## 15.Кои иновативни услуги може да се понудат на претходно осудените лица за реинтеграција во семејството?

Програмите за реинтеграција треба да понудат услуги за да се олесни повторното воспоставување на врските помеѓу претходно осудените лица и нивните семејства. Повторното поврзување со членовите на семејството може да обезбеди емоционална поддршка, стабилност и чувство на припадност, кои се од витално значење за претходно осудените лица. Овие програми може да вклучуваат семејно советување, работилници за комуникација и посредување, групно советување и сл. При креирање на програми за семејно обединување или реинтеграција во семејството, важни се неколку сегменти на кои мора да се посвети внимание и да се поставаат реални очекувања.




Одредени мерки, односно активности кои можат да се преземат:

- Семејно советување, семејната терапија, работилници за комуникација и посредување, групно советување;
- Работилници за приказ на успешни приказни на реинтеграција во семејството на лица кои веќе го поминале тој пат;
- Програми за решавање конфликти и семејно посредување;
- Часовите за родителство и поддршката за развивање на здрави родителски вештини;
- Програмите за семејно обединување или реинтеграција во семејството;
- Програми за стручна поддршка во семејството;
- Вклучувањето на претходно осуденото лице со организации во заедницата или со групи за поддршка од лица кои поминуваат низ истиот процес;
- Групи за поддршка за апстиненција од дрога,алкохол и други зависности;
- Групи за поддршка во управување со гневот и насилното однесување;

## 16. Кои иновативни услуги може да им се понудат на претходно осудените лица за обезбедување на правна помш при домување?

Правната помош, помошта во бирократските, административните и правните процедури како и решавањето на станбеното прашање се основни елементи за да им се помогне на отпуштените осудени лица успешно да се реинтегрираат. Тие може да се соочат со законски бариери, како што се неплатени казни, немање документи или ограничувања за домување и вработување.

Исто така, клучна услуга е правната помош за **бришењето на казнената осуда** кога за тоа се исполнети законските услови. Имено, надлежните судови имаат службена должност да ги бришат осудите, но тоа во пракса не функционира заради преобемност на предмети и се додека отпуштеното осудено лице не побара писмено. Правните клиники на Универзитетите, граѓански органиации и сл., како и други институции надлежни за давање бесплатна правна помош можат да бидат од корист за правен совет како да се олесни процесот на бришење на кривичната осуда и засновање на правна фикција на неосудуваност.

**Ресурси за домување и поддршка** подразбираат создавање услови за сместување во локалната заедница. Преодните програми за домување нудат стартна позиција за отпуштените осудени лица додека да успеат да се снајдат во светот на слобода. Овие програми треба да обезбедат привремено сместување на локално ниво, со средства од општините во посебни просторни услови. Може да се направи преадаптација на напуштен државен имот, пренамена на слободните имоти/напуштени, а употребливи објекти, објекти кои се празни и напуштени и слично за да се обезбеди домување со пристапни цени резервирани за претходно осудени лица. Покрај тоа, може да се обезбеди друга поддршка (финансиско советување, посредување со сопственикот на домот и сл.) додека отпуштените осудени лица не обезбедат домување, односно соодветно прибежиште.

Во Законот за социјална заштита е предвидена можност да се обезбеди привремен престој во **„куќа на пола пат“**. Таа (треба да) обезбеди помош, поддршка и подготовка за самостојно живеење на лица кои претходно биле под вонсемејна заштита, немаат свој дом или услови за живот во својот дом, заради нивна реинтеграција во општеството. Корисници на услугата се: лице кое имало статус на дете без родители и родителска грижа, дете по напуштање на воспитна установа за ресоцијализација, возрасни лица по издржување казна затвор, лица со попреченост, зависници од алкохол и дроги по спроведен третман за лекување и други лица со специфични социјални проблеми кои имаат потреба од подготовка за самостоен живот.[1] Услугата куќа на половина пат, се обезбедува во времетраење до три месеци, со можност за продолжување уште за три месеци, а во исклучителни случаи кога состојбата не е надмината до една година.[2]

1 Член 85 од ЗСЗ.
2 Според истражувањето на Марјан Петрески et all, во Северна Маќедонија нема ниту една функционална куќа на половина пат, иако таквата можност и услуга е предвидена во ЗСЗ: Види во Петрески, М. Туманоска, Д., Петрески, Б. (2020): Социјалните услуги во општините во Северна Македонија: капацитет, ризици, потреби, FinanceThink, достапно на https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/10/Studija-za-politikite-31-1.pdf .

Иновативна услуга може да биде и обезбедување **ваучери и субвенции за домување,** наменети за претходно осудени лица со кои ќе можат да обезбедат доодветен дом под наем.

## 17. Кои иновативни услуги може да им се понудат на претходно осудените лица од страна на заедницата?

**Подигнување на јавната свест,** односно едуцирање на заедницата за предизвиците со кои се соочуваат отпуштените осудени лица за време на реинтеграцијата. Јавната свест може да помогне да се намали стигмата и да се поттикне поддршка за реинтеграција. Во таа насока, може да се иницира:

- Покренување на кампањи за подигнување на јавната свест, за информирање на заедницата и креаторите на политиките за потребата од сеопфатна поддршка за реинтеграција на осудените лица;
- Охрабрување на членовите на заедницата да станат ментори или волонтери кои можат да понудат насоки и поддршка на отпуштените осудени лица;
- Развивање и поддршка на програми засновани на потребите на заедницата кои обезбедуваат услуги како што се образование, обука за работа, поддршка за ментално здравје и третмани за лекување на зависности;
- Примена на одредени мерки на ресторативна правда (медијација, кругови, конференции);
- Организирање на настани во локалната заедница (спортски настани, рекреативни настани, настани поврзани со творештво и сл.) во кои ќе се вклучат отпуштените осудени лица во организација, помош, логистика, транспорт со што ќе им покажат на нивните сограѓани дека овие лица придонесуваат за заедницата и се дел од неа;
- Организирање проекти за општествено корисна работа во кои ќе се вклучат претходно осудени лица (на пример, помагање во центри за геријатрија, центри за нега на одредени категории на лица, молерисување на објект, помош во чистење, помош за надничарска работа и сл.);
- Спроведување проекти за урбано градинарство или еколошки акции во соседството;
- Спроведување програми за менторство за млади во ризик;

Вклучувањето на претходно осудените лица во активности во заедницата им помага да ја обноват самодовербата, да развијат просоцијални вештини и да покажат волја и посветеност за позитивни промени во нивното однесување.